# ПОКАНА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДВЕ ПРОМОТИВНИ ВИДЕА ЗА СУДСКО МЕДИУМСКИ СОВЕТ

## 1.Општи информации за Проектот ,,Поддршка на транспарентноста во судството и промовирање на јавната доверба во правосудниот систем”

Здружението на судии на Република Северна Македонија и Центарот за правни истражувања и анализи на 1ви јуни 2022, започнаа со имплементација на проектот Поддршка на транспарентноста во судството и промовирање на јавната доверба во правниот систем.

Главната цел е зајакнување на капацитетите на Судско медиумскиот совет да дизајнира и имплементира стратегии, да организира и спроведува тренинг програми, да предлага промена на закони и регулативи, и да извршува целисходни активности кон судството, медиумите и јавноста кои целат да ја зголемат транпарентноста и отчетноста како и да инспирираат доверба во судските институции.

Проектот е дизајниран да ги поддржи судските институции во Република Северна Македонија во нивните напори да ја зголемат транпарентноста, отчетноста и квалитетот на правдата.

### 1.1 Проектни цели

- Зајакнување на капацитетите на судството за навремено и точно споделување на информации со медиумите и јавноста за кривични судски предмети;

- Зајакнување на капацитетите на новинарите за навремено и прецизно споделување информации поврзани со кривични предмети и проблеми со владеењето на правото;

- Подобрени институционални капацитети на Судско медиумскиот совет;

- Развој на план за следење и евалуација на ефектот од спроведување на проектот;

## 2. Предмет на набавка

Во рамки повикот, ќе се избере понудувач кој во периодот септември 2024 – март 2025 година ќе подготви 2 видеа за потребите на проектот. Видеата ќе бидат подготвени македонски јазик. Видеата имаат за цел да ја зајакнат свеста на судиите, новинарите, стручната јавност и свеста на граѓаните. Видеата може да содржат анимации, интервјуа со експерти, граѓани, институции и слично, а нивната подготовка вклучува:

- Подготовка на сценарија во согласност со насоките и материјалите кои ќе бидат доставени од страна на проектниот тим;
- Снимање/креирање на 2 видеа и две кратки форми од видеата (рилс);
- Постпродукција/едитирање која може да вклучува и додавање текстови, voiceover, графикони и други графички елементи;
- Пласирање на видеата на платформа/медиум за претставување со висок доспех до публика преку социјални мрежи (Најмалку 80.000 следачи на фејсбук, најмалку 30.000 следачи на инстаграм, а за предност ќе се смета и активен тикток канал).

Видеата треба да бидат прилагодени за објавување на интернет и на телевизија. Секое видео треба да биде во максимално времетраење од 2,5 минути.

## 3. Услови и критериуми за пријавување

Право да се пријават на овој повик имаат правни лица кои нудат услуги од областа на креирање и постпродукција на видеа. Понудувачот треба да ги исполни следните услови и критериуми:

*3.1 Понудувачот треба да ги исполнува следниве минимални услови:*

- Да има минимум двајца вработени кои имаат претходно релевантно искуство во подготовка на видеа од минимум 3 години;
- Да има претходно релевантно искуство во подготовка на видеа кои опфаќаат општествени теми од минимум 5 години;
- Да има платформа/медиум за претставување на видеата со висок доспех до публика преку социјални мрежи (Најмалку 100.000 следачи на фејсбук, најмалку 30.000 следачи на инстаграм, а за предност ќе се смета и активен тикток канал).

*3.2 Состојба на понудувачот:*

- Во последните 5 години, на понудувачот да не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари;
- На понудувачот да не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност;
- Понудувачот да не е во постапка за стечај или во постапка за ликвидација;
- Понудувачот да нема неплатени даноци, придонеси или други јавни давачки;
- На понудувачот да не му е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност.

Понудувачот го потврдува исполнувањето на критериумите за утврдување на личната состојба со изјава која ја доставува во прилог на својата понуда (изјавата е дадена во прилог на оваа тендерска документација - Прилог 2).

Покрај изјавата, понудувачот заедно со понудата **не мора да поднесе документи** за докажување на личната состојба. Комисијата може да побара од понудувачот чија понуда ја утврдила за најповолна да ги достави потребните документи за утврдување на неговата лична состојба за проверка на овие критериуми.

### 4. Рок и начин на пријавување

Понудите можат да се доставуваат електронски, на е-маил адресата: sara.markovska@cpia.mk **најдоцна до 16.09.2024 година**, а насловот на пораката треба да биде „Понуда за видеа". Понудите кои ќе содржат непотполна или неуредна документација, како и понудите кои ќе бидат доставени по рокот утврден во овој повик, нема да бидат земени предвид. Центарот за правни истражувања и анализи го задржува правото да ги контактира само избраните кандидати.

### 5. Елементи на понудата

За да се пријави на повикот, понудувачот треба да достави:

- Финансиска понуда според образецот даден во прилог 1;
- Изјава со која понудувачот потврдува дека ги исполнува критериумите за утврдување на личната состојба според образецот даден како прилог 2;
- Документ за регистрирана дејност или тековна состојба;
- Кратки професионални биографии на лицето/лицата кои ќе бидат ангажирани за спроведување на активностите што се предмет на договорот;
- Портфолио од претходни слични ангажмани во последните 5 години и листа со линкови кои водат до продуцираните видеа.

### 6. Критериуми и начин на избор на најповолна понуда

Сите навремени, потполни и уредни пријави ќе бидат детално разгледани и оценувани според следните критериуми:

- Квалитет на понуда
- Финансиска понуда

### 7. Појаснување на тендерска документација

Доколку се потребни дополнителни информации во врска со овој повик, можете да се обратите на sara.markovska@cpia.mk најдоцна до 13.09.2024.

### 8. Начин и услови за плаќање

Плаќањето ќе се изврши за секое видео посебно, по доставувањето на финалниот продукт.

### 9. Известување на понудувачите

До избраниот најповолен понудувач ќе се достави известување на адресата на е-пошта наведена во понудата.